околу 0,30 см. Процесот на делкањето на ѓулињата може убаво да се следи на лице место во сите фази од почетната на обележување, па до завршната на сечење од каменитата површина. Имено, има ѓулиња штотуку започнати, а има и такви што се изделкани до половина и повеќе. Меѓу сите наоди вниманието го привлекува едно ѓуле што е исечено од каменитата основа со кратка и тесна четвртаста рачка во големина 0,4 × 0,5 см. Мајсторот требало уште да ја пресече рачката па да добие тркалезно ѓуле. Покрај тоа, на теренот под работилницата стркалени се неколку изработени ѓулиња.

Во врска со овој наод тешко е да се разбере кој, кога и за чии потреби ги делкал ѓулињата. Веројатно тие се изработувале за посадата на Коњух, па кога градот престанал да функционира како активна тврдина, била прекратена и изработката на ѓулињата.

*Б. ПАНОВ*

## ОПИСИ ОД СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ГРАДОВИ

Историјата на средновековните градови составува неразделен дел од историјата на феудалното општество.

Под името град во средните векови не се подразбирало, како денес, една голема уредена населба, напротив, тврдина која служела за одбрана на едно населено место, обично управен центар на еден крај; потоа пазар, рудник, станот на владетелот и неговите помошници, на епископската резиденција или некој важен пат и слично. Во средните векови таквите градови биле градени во сите краишта на Европа, во голем број, а нивните остатоци ги наоѓаме и денес. Голем број од тие градови биле разурнати од завојувачите, или пак од меѓусебните борби.

Процесот на создавањето на феудалните градови протекувал во атмосфера на остра класна борба. Појавата на тие градови била сврзана со основните движечки сили на општествениот развиток. Развитокот на производните сили во селското стопанство предизвикал одделување на занаетчиството од останатото селско стопанство. Со тоа во селата започнале да се појавуваат специјалисти-занаетчии, чија дејност во селското стопанство била второстепена. Со натамошниот развиток на производниот труд кај искусните селски занаетчии бил предизвикан стимул за напуштање на селата и одење во такви места, каде можеле послободно да работат и да ги растураат своите производи. Со тоа таквите места постепено започнале да растат како трговско-занаетчиски центри во односните области. Овие места исто така започнале да растат и по бројот на жителите и како резултат на напуштањето на селата од феудално-зависните селани, кои, бегајќи од своите господари заседнувале близу до архиепископските резиденции, укрепените

манастири, феудалните дворци, пограничните или внатрешните тврдини, во краишта каде се вкрстувале патишта итн. Во таквите места избеганите селани образувале, под заштита на тврдините, занаетчиско-трговски населби, кои во почетокот на својот развиток биле незначителни по бројот на населението и по обемот на стоковото производство. Но тука постепено започнал да расте бројот на населението како резултат од новите доселувања на избеганите селани од тешката феудална експлоатација која им била наложена од феудалните господари по селата, кои биле нивна сопственост. Во овие населби со тек на времето дошло до разделување на трудот, а како резултат на тоа се дошло до претворањето на тие населби во занаетчиски и трговски центри. Зајакнувајќи се економски и обединувајќи го својот труд, овие населеници започнале да ги опкружуваат своите населби со огромни и непристапни ѕидишта. На тој начин се создавал градот — носител на стоковното производство. Сега самиот град со неговото занаетчиство и трговија станувал значаен фактор во натамошната поделба на трудот.

Таквиот процес на создавањето на средновековните градови во Европа не бил насекаде еднаков. Имено, развитокот на градовите зависел покрај од степенот на поделбата на трудот во селското стопанство и во занаетчиството, уште повеќе од други причини: од плодноста на земјата и нивото на селскостопанската култура, од сплотеноста на населението, од меѓународните односи, од стратегиските прилики, кои влијаеле на тоа дали земјиштето е погодно за градење на тврдини, потоа од политичките прилики во една земја итн.

Се поставува прашање: во кој период од историјата резултатите на одделувањето на градот од селото во Западна Европа, а и во нашата земја, се покажале доволни за да се појават не само мали занаетчиско-трговски населби, туку масовни градови? Границата меѓу тој период на западноевропската историја, кога таа не знаела за градови како масовни населби и нивното масовно појавување се смета X—XI век. Но треба да се има предвид дека во разни земји овој развиток не бил ист.

Во Италија, на пример, градовите како центри на занаетчиството и трговијата почнале да се оформуваат веќе во VIII век. Основна причина за тоа бил раниот феудален развиток на феудалното уредување во оваа земја. Веќе во VIII век во областа Ломбардија се појавиле голем број мали и средни градови. Реката По, која ја напојува долината на Ломбардија, овозможила да се сплотат и поврзат меѓу себе одделните краишта на Северна Италија. Покрај тоа, подемот на развитокот на италијанските градови бил забрзан и од трговските врски на Италија со источните земји. Венеција во VIII век водела жива трговија со сол, која се добивала од солената вода на Јадранското Море. Карактеристично за италијанските градови било и тоа што еден дел средновековни градови изникнале на истите места каде биле и античките гра-

дови. Оттука, ја имаме ситуацијата што едновремено со создавањето на новите феудални градови, старите римски градови, кои биле расположени на благопријатни места за развиток на градски населби, започнале да се развиваат на феудална основа, кога тука започнале масовно да се населуваат занаетчиите и трговците. Така, во Северна Италија се издигнале Милано, Кремона, Пјаченца и други градови.

Во Франција, Германија, Фландрија и другите западноевропски земји, занаетчиско-трговските населби-градовите започнале да се развиваат веќе во X век. Најрано во Германија се оформиле градските населби по текот на реката Рајна, а и по горниот тек на река Дунав. Такви градови биле: Келн, Стразбург, Регензбург и други.

Како се оформувале западноевропските градови во трговско-занаетчиски центри, сведочат зачуваните документи од тоа време за повеќе од нив. Меѓутоа, поради ограничениот простор, ние ќе се задржиме на еден документ кој зборува за средновековниот германски град Стразбург. Сликата што ја дава овој документ-законик од XII век за Стразбург е скоро еднаква за сите средновековни градови од споменатиот дел на Европа.

Од законикот на градот Стразбург се дознава дека тука биле сместени повеќе слоеви население. Тоа биле: министериали на црквата кои имале високи титли, а се користеле и со правото да вршат рицарска служба, со што можеле да обавуваат различни должности на дворот на епископот; на второ место биле прислужниците на епископот — луѓе лично неслободни; трети биле прислужниците на стразбуршкиот капитол и манастирот — исто така неслободни; меѓу нив имало и занаетчии; на четврто место иделе слугите на црквата, а на петто граѓаните на Стразбург. Меѓу нив имало доста занаетчии и трговци.

Според наведениот документ градот Страгбург бил создаден слично како и другите градови. Документот за тоа вели:

„Слично како и другите градови е основан Стразбург со таква леснотија, што секој човек, било туѓинец, било да е роден тука, секогаш и од секого користи во него мир".

Како и другите градови по реката Рајна, така и Стразбург се развил како занаетчиски-трговски центар. Не само блиските села но и многу од поодалечените градови биле поврзани со него во трговски однос. Стока со бродови пристигала од Келн во Стразбург. Таков бил случајот и со други градови на Рајна. Наред со продукти од селското стопанство (вино, масло, живина, коњи и др. животни), во него се изработувале разновидни занаетчиски изработки. Затоа главна улога во економскиот живот на овој град во овој период играло занаетчиството. Во Стразбург постоеле повеќе видови занаети: казанџиски, ковачки, бочварски, седларски и др.

На чело на Стразбург и околната територија стоел епископот на овој град, кој управувал со четворица помошници. Тоа се гледа од споменатиот законик, во кој се вели:

„Сите службени лица на целиот град потпаѓаат под власта на епископот, кој самиот ги назначува...

Постарите пак од нив ги назначуваат помладите, за тие ним да им бидат потчинети...

Над четирите службени лица, врз кои лежи управата на градот, епископот ја држи власта, а имено: шултгејсот, бурграфот, царинарникот и началникот на ковачницата за правење пари".

Шултгејсот бил всушност судија. Тој судел на пазарот, кој се одржувал пред црквата Св. Мартин, за трговски и пазарни дела. За тоа во законикот се вели:

„Шултгејсот има право под себе да држи двајца помошници коишто обично се викаат судии, луѓе дотолку чесни, што граѓаните можеле, не губејќи го своето достоинство, да стојат на судот покрај нив".

Функциите на бурграфот биле тесно поврзани со епископската тврдина и со градот. Тој бил задолжен да ја следи состојбата на тврдината, мостот, патот итн. Тој исто така назначувал старешини на занаетчиските организации и вршел над нив судска власт. Оттука се гледа дека занаетчиите не биле наполно слободни во својата работа. Тие за својата работа добивале давачки од продадените стоки. Во законикот за должностите на бурграфот стои:

„Бурграфот има власт да назначува управници скоро на сите занаетчии во градот, а имено: седларите, кожарите, казанџиите, воденичарите... и тие кои изработувале бочви за вино... и тие кои изработувале сабји, и тие... кои држат крчми. И сите тие се судат од него, ако во нешто погрешиле во својот занает..."

Должноста на царинарникот била тесно поврзана со трговско-занаетчиската населба. И тој земал давачки од продадената стока.

Управникот на ковачницата за пари, пак, бил одговорен за изработувањето на парите. Инаку, тој бил во директна врска со сениорот-епископ кој го имал правото наголемо да се користи со парите. Тоа право на епископот му било дадено од страна на императорот, кој владеел со сите градови во Германија.

Законикот на градот Стразбург фрла извесна светлина и за тоа: како изгледал градот Стразбург и како се одржувал. Така, од него, како ќе видиме, се гледа дека тој бил опкружен со јаки ѕидови и други прегради, за коишто биле задолжени да се грижат сите граѓани. Против прекршувачите на редот се изречувале различни казни. Во врска со тоа еве што се вели во документот:

„Кој ќе ги повреди градските ѕидови или прегради, ќе плати на бурграфот 40 солида казна.

Кој ќе ја повреди улицата, ќе плати исто казна на бурграфот. Тој никому не е должен да му дава сметка.

Никој не смее да истура ѓубре или фрла отпадоци покрај својата куќа...

Градскиот надворешен ров треба да има ширина 60 фути, а внатрешниот во стената 30 фути.

Никој не смее да држи во градот свињи, ако не ги испраќа на пасење со свињар".

Ваквите строги мерки биле преземени во сите средновековни градови, зашто во тесниот простор во кој бил сместен градот, ако не се одржувала хигиената доведувало до тоа заразните болести да го уништат населението.

Како градот Стразбург, слично изгледале, и под многу исти услови се развивале и другите градови не само на Германија, туку и на Франција, Италија и другите западно-европски земји.

На Балканскиот Полуостров, каде до населувањето на Словените (во VI и VII век) главно владеала Византија, средновековните градови како занаетчиско-трговски центри, започнале да се појавуваат и развиваат напоредно со развитокот на феудализмот во Византија. Со населувањето на Јужните Словени на Балканот и отстранувањето на Византија од поголемиот дел, голем број од старите градови, кои биле центри на робовладетелскиот поредок, биле разурнати, за кои денеска со мали исклучоци не се сочувани никакви траги; друг дел , пак, од нив доколку останале да живеат и понатаму, постепено започнале да го менуваат својот изглед и на-

чинот на животот, зашто феудалното уредување, кое завладувало меѓу Јужните Словени, доведувало да се создаваат и развиваат градови на поинаква основа.

Напоредно со создавањето на средновековните јужнословенски држави: Словенија, Хрватска, Србија, Босна, Македонија и др., се развивале и феудалните градови, кои изникнувале по одделните области на тие држави.

Југословенските средновековни градови, заради постојаните војни, биле градени на такви места, кои му давале безбедност на самиот град, а и од каде се бранела односната област, крај, раскрсница на патишта, манастир, рударска населба или слично. На тој начин градот не бил само одбранбена тврдина на односното место или крај, туку често пати и управен центар на оласта, која во средновековна Србија, на пример, се викала жупа. Оттука и градовите кои настанувале по жупите се викале жупски. Покрај тоа имало и претежно војни градови-чувари на премини и патишта, кои за разлика од жупските немале населени предградија.

Општо земено сликата на средновековните градови во Србија, Босна и другите средновековни држави на Балканот била таква, што тие како тврдини биле изградувани на планински места, обично покрај реки, езера и слично. Таквите градови биле опкружени со ѕидови и на тој начин, како и тие во Западна Европа, служеле како одбранбени пунктови на областите каде изникнувале.

И во средновековните градови на Хрватска, Словенија, Босна, Македонија, Црна Гора, Србија и другите балкански земји, исто така, и покрај тоа што биле тесни по својот простор, се живеело. Се разбира дека предимно тука живееле владетелите, управниците на областите и нивната посада, додека останатото население живеело во предградијата, кои биле под заштита на тврдините. Таквите предградија биле различни. Зависело од тоа дали спаѓале на град-тврдина кој бил центар на жупа, на град кој бил центар на рудник, кого само го заштитувал, или пак центар на некој пазар, кој исто така бил заштитуван. Сите тие предградија денеска се исчезнати. Тоа се случило поради тоа што зградите биле градени од дрво или од лесен смешан материјал.

За тоа извесна слика дава еден патник, чие име останало незабележано, којшто 1308 година вака ги опишал српските средновековни градови:

„Во целото српско кралство... нема никакви предградија (вароши); сепак во него има многу тврдини, мали утврдувања и големи населби од три и четиристотини куќи од дрвја... соградени без било каков одбранбен ѕид“.

Слично српските средновековни градови ги насликал и барскиот архиепископ Гијам Адам, кога во 1332 година напишал:

„Куќите и палатите на кралот и останатите благородници се подигнати од дрвја...; никаде, освен во приморските латински градови не сум видел палата или куќа соградена од камен или тули“.

Сето ова зборува дека зградите за живеење биле направени од лесен материјал, што го објаснува и фактот, што скоро насекаде во Србија или другите балкански земји, не се сочувале остатоци

од средновековни палати. Кога би ги имало сигурно за некои од нив би се сочувале остатоци, каков што е случајот со големиот број сочувани средновековни цркви.

За разлика од куќите за живеење, кои се граделе од лесен материјал, тврдините, заедно со одбранбените кули, се градени од камен и тули. Тоа е причината што за еден поголем дел од нив се знае каде биле, зашто остатоците од нив и ден денес ги наоѓаме по планинските места на Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Словенија и Македонија.

На пример, како изгледале градовите во средновековна Србија, се дознава во голема мерка и од остатоците на градските ѕидишта и кули кои ги има на разни страни. Од овие остатоци се гледа дека секој град скоро имал по една јака и пространа кула, чии израз е од арапско потекло. Тука, како на најсигурно место, живеел управникот на градот. Просториите во кулата биле тесни и ниски, а прозорци скоро немало. Во градовите Маглиќ, Сталаќ, Ресава, на пример, се зачувани на тие кули остатоци на нешто повеќе истакнат влез. Самите кули имале дрвени катови и скали.

Слично како и другите феудални градови и српските биле изградувани со ангарија, т.е. бесплатна работа на населението. За тоа сведочи и изразот „градозидание". Во врска со тоа еден член од Законикот на царот Душан вели:

„За градозидание, каде град или кула ќе се урне да ги направат граѓаните на тој град и жупа, кои се во пределот на овој град".

Во средновековна Македонија, како и во Србија, како што наведовме, градовите биле градени по непристапните планински места и имале за задача не само тие да се бранат од завојувачи, туку да ги бранат и поблиските околни населби.

Покрај остатоците од ѕидиштата и кулите на тврдините, кои и денес се подаваат по разни брда, за тоа каде биле градени и како изгледале, зборува и арапскиот географ Идризи, кој што ја напишал својата географија во XII век.

Еве што вели за средновековен Охрид:

„Охрид е величенствен град, со многукатни згради и опширна трговија. Тој е расположен врз едно убаво брдо. Близу до него се наоѓа големо езеро, во кое рибата се лови со кораби. Тоа езеро е расположено од јужната страна на градот. Да се обиколи езерото треба три дена да се пешачи. Покрај езерото се расположени некои населби..."

За Охрид дознаваме и од Ана Комнена, византиската писателка од XI и XII век, дека имал во тоа време своја тврдина, околу која било сместено предградието, во кое живееле граѓаните. Во врска со тоа таа наведува во делото „Алексијада", дека во осумдесетите години на XI век, кога Норманите од Италија дошле во Охрид, тие лесно, со помошта на охриѓаните, го зазеле од Византијците предградието, но тврдината, каде бил сместен гарнизонот, и понатаму останала под власта на Византија.

Исто така како изгледал Охрид ни оставил податоци и охридскиот архиепископ Теофилакт, кој живеел во Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век. Тој наведува, во своите писма дека самиот имал кула во Охрид, во која ги затворал тие, кои се дигале против него, црквата и византиската држава воопшто. Освен тоа од неговите писма се дознава дека Охрид имал тогаш повеќе улици, „многукатни куќи", раскошни станови и богат пазар.

Зачуваните написи за средновековен Охрид се потврдуваат и од зачуваните остатоци од средновековниот ѕид и кули, кои го прикажуваат овој град како вистински средновековен град-тврдина.

И за средновековна Струмица се сочувани пишани податоци, а и остатоци од одбранбените ѕидови и кули, кои струмичани денес ги викаат „Цареви Кули“.

Во својата географија, Идризи вели дека и Струмица била изградена на стрмно и непристапно брдо:

„Струмица е, вели Идризи, расположена на еден рид. Таа е богата со обработливи површини и има многу лозја и градини“.

Убава слика за средновековна Струмица дава и византискиот писател од XIV век Никифор Григора, кој во 1326 година ја посетил Струмица, стоејќи на чело на една делегација. Како дошол во Струмица и што видел во неа, Григора вака му напишал во едно свое писмо на својот пријател Зарида:

„Верувам дека знаеш оти (реката) Струма не е преодна лесно ни за пешаци ни за коњаници. Таа е најголема од реките што ја делат Тракија од Македонија и од реките што се вливаат во Егејското Море... Ние ја преминавме Струма... и место да логоруваме и да се задржиме, ние безобзирно го продолживме нашето патување со надеж дека ќе најдеме некое пристојно преноќиште. Нашите надежи беа далеко од тоа да се исполнат... Го продолживме мачното патување дури и спрема ѕвездите (управувајќи се) нагазивме на честа и непреодна шума, испресечена овде онде со ридови и долини. Ние не се грижевме повеќе за нашите чевли и алишта потполно раскинати од капините што ги кинеа; ние се плашевме за нашите очи, бидејќи гранките не шибаа во очи...

Кога бевме во душевна состојба, наеднаш се појавија од карпите и долинките не знам колку луѓе, облечени во еден вид црни алишта, направени од волната и од руното што го острижеле од животните, кога им стане нужда, беа како вистински ѓаволи кога ги погледнеш. Навистина, тие не беа облечени во оклопи (опковани во брони) како пешаците туку наоружани лесно, со рачно оружје...: копја и секири; некои од нив носеа секири. Ненадејно и страв ги фати нашите луѓе. А како и можело инаку да биде? Во туѓа земја и во такво невреме, а што е најважно луѓе што не го знаеја нашиот јазик... Овие луѓе нè поздравија на нивниот јазик учтиво и добродушно. Ништо по нивното однесување не се гледаше дека имаме работа со разбојници... Ние исто така ги поздравивме (имаше меѓу нас што донекаде го знаеја нивниот јазик). Тие со неколку зборови ни раскажаа зошто се на ова место; ги пазат патишата, реките, од оние што сакаат скришно да се префрлат на соседните краишта за плачкање.

Третината од ноќта беше префрлена... (кога) чувме од далеку кучешко лаење, што зборуваше затоа дека гратчето од каде идеа беше населено и кадарно да прими луѓе изморени, секако не на совршен начин. Брзајќи ние се упативме натаму. Овде, секој си отиде на своја страна и слезе во своето преноќиште...

Утредента по цел ден патување пристигнавме во еден мал град што се крева така да се рече над облаците, што го викаат луѓето од овој крај Струмица. Таа е наместена на една стрмна планина, така ѓаволски издигната што оние кои седот на ѕидовите од градот личат не знам на какви птици кога ги гледа човек уште од рамнината. Овде го празнувавме и светиот Велигден, за жалење, не како што сме свикнале да го правиме тоа кај нас, а сепак го прославивме. Овде ја сметаат за глупост сета верска практика, сета ритмувана и хармонизирана музика на светите химни. Овде се зборува еден варварски јазик...

Ние останавме на ова место цел ден; го празнувавме како што доликува овој празник и направивме малку почивка и забава. Се наведнуваме од ѕидовите на тврдината и ги гледаме во рамнината долу веселбите што се прават при вакви случаи, а особено, различните ора што ги играа младите и старите луѓе... Три дни по нашето излегување од ова место ние пристигнавме во гратчето Скопје, расположено во планините... каде ја видовме реката Аксиос (Вардар), што тече покрај него...“.

Слично како средновековните градови Охрид, Струмица и Скопје, за кои дадовме извесни податоци дека лежеле на непристапни планински места, и другите македонски средновековни градови — Просек, чии остатоци и денес ги наоѓаме кај Демир Капија, па и Прилеп и многу други, биле опкружени со ѕидишта и претставувале одбранбена тврдина, која го бранела предградието, околните селски населби, патиштата, клисурите и слично од страна на надворешните завојувачи и ограбувачи. Податокот, пак, од Теофилакт Охридски дека Охрид имал богат пазар, а и оној од Идризи дека во него се одвивала опширна трговија, даваат можност да се утврди и тоа дека и македонските средновековни градови, слично како и другите балкански и европски градови, биле покрај одбранбени тврдини, т.е. војнички центри истовремено и средишта на занаетчиски операции и трговска размена. Меѓутоа, и покрај многуте сличности, не може да се каже дека развитокот на македонските средновековни градови течел со исто темпо како тој во другите европски земји, зашто италијанските градови, на пример, како видовме, уште од VIII век почнале да се развиваат како политичко-економски центри на Италија. Македонските средновековни градови, како и тие од поголемиот дел на Балканскиот Полуостров, дури од крајот на XI век, кога за време на Првата крстоносна војна биле потесно сврзани со западноепровските градови, ги опфатил процесот на побрз економски развиток.

*А. КЕРАМИДЧИЕВ*

## РАДОВИШКАТА КОТЛИНА— РЕЗУЛТАТИ ОД АРХЕОЛОШКОТО РЕКОГНОСЦИРАЊЕ

Радовиш и неговиот општински атар имаат многувековна и бурна историја и претставуват голем интерес за археолошките и историските испитувања. Најстарите жители на овој крај биле Пеонците, големо илирско племе во Македонија, кое често се споменува од старите автори. По неговата плодородна котлина крстареле македонските фаланги на Филип II и Александар Велики, а подоцна и римските и византиските легии. Словените го населиле овој крај во текот на VI—VII век и го промениле етничкиот состав на населението, воедно и текот на неговата историја. И неговата средновековна историја е полна со бурни настани (инвазии на Печенези, Узи, Кумани, Латини, Турци и други), но тие не биле во состојба да го променат текот на историјата, што го наложија македонските Словени.

Но историјата на Радовишкиот крај, особено претсловенската не е испитана. Некои периоди од неговиот општествен, стопански и културен развој останаа наполно празни и ги очекуваат своите испитувачи. Во последно време се постави почетокот на испитува-